РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-2099/6
09.08 20 19 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-та седница одржана на ден 05 август 2019 година донесе

О Д Л У К А

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Богослав Лескаровски поради промена на фактичката состојба односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2099/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 09-2099/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2099/1 од 29.03.2019 година е оформен по службена должност врз основа на извршената редовна проверка од доставената изјава за интереси од службеното лице Богослав Лескаровски каде што е констатирано дека покрај функцијата Член на Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„Паркинзи" на Општина Центар истовремено ја извршувал и функцијата Член на Управен одбор на Агенција за катастар на недвижности.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето Богослав Лескаровски побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на Богослав Лескаровски, Државната комисија на ден 17.04.2019 година е известена дека именуваното лице истиот ден до Советот на општина Центар поднело Барање за разрешување на член на Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„Паркинзи" на Општина Центар. Државната комисија за целосно утврдување на фактичната состојба се обрати и до Советот на општина Центар за да ни достави дополнително информации за тоа дали службеното лице е разрешен од функцијата член на Управен одбор на ЈП за јавни паркиралишта„Паркинзи" на Општина Центар и за истото да ни достави доказ.

На седницата одржана на ден 05 август 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси, каде и го добиевме и решението за разрешување од страна на Советот на општина Центар на ден 12.06.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

Правна поука:

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

Одлучено на ден 05 август 2019 година под бр. 09- 2099/6

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk